ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Изготвиле:
1. Проф. Д-р Владо Камбовски, претседател на ОА
2. Проф. Д-р Ќуфли Османи, потпрецедател на ОА
3. Проф. Д-р Лилјана Колева Гудева, член на ОА

Скопје, август, 2020 година

# Содржина

Преамбула ..... 3
Општествена мисија ..... 4
I. ОПШТИ ОДРЕБИ ..... 4
Предмет на Етичкиот кодекс ..... 4
Целта на Кодексот ..... 5
II. ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ И ПРАВИЛА ..... 5
Општи етички принципи ..... 5
III. ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ..... 7
Однесување на членовите на Одборот ..... 7
Правила на однесување за време на седница ..... 7
Сукоб на интереси ..... 8
Забрана на корупција ..... 8
IV. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДНОС И ОДГОВОРНОСТ ..... 8
Одговорност кон институцијата ..... 8
IV. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ..... 9
Односи со академската заедница ..... 9
Односи со медиуми ..... 9
VI. НАДЗОР НА ПРИМЕНАТА И СЛЕДЕЊЕТО НА ПОЧИТУВАЊЕТО НА КОДЕКСОТ ..... 9
Решавање на етички прашања ..... 10
VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ..... 10
Изјава за прифаќање на кодексот ..... 10
Влегување во сила ..... 11



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

Правен основ: Врз основа на член од ...., Одлуката за формирање на Комисија за изготвување на Етички Кодекс на Одборот за акредитација донесена на 5-та седница одржана на 29.07.2020 година, Комисијата за изготвување на Етички кодекс до Одборот за акредитација на високото образование, го доставува следниот:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
## за однесување на членовите на Одборот за акредитација на високото пбразование

Етичкиот Кодекс се донесува заради развивање и унапредување на моралните и етичките вредности на академската заедница, за квалитетно извршување и унапредување на својата работа, како и за чување на угледот на Одборот за акредитација на високото образование и за чување на личниот углед на неговите членови.

Етичкиот кодекс се состои од Вовед, Преамбула, Основни начела и Етички правила на однесување. Воведот накратко ги претставува намерите и структурата на Етичкиот кодекс. Преамбулата и Основните начела ги дефинираат целите кои ги водат членовите на одборот кон етичко делување во рамките на обврските и одговорностите. Тие не се обврзувачки правила, но би требало да бидат земени предвид кога се следи етичката димензија на постапките. За разлика од Основните начела, пропишаните етичките правила на однесување се обврзувачки правила за однесувањето на секој член од Одборот за акредитација. Пропишаните етичките стандарди со Етичкиот кодекс не се исцрпни и се подложни на постојани проверки и евентуално менување.

Комисијата, која го изготви Етичкиот кодекс на Одборот за акредитација, најмалку на две години расправа за потребите од менување на овој Кодекс. Етичкиот кодекс се однесува само на активностите што членовите на Однорот за акредитација ги преземаат во рамките на нивната научна, образовна или професионална улога. Овие активности се разликуваат од приватното однесување на членовите на одборот, кое не е опфатено со Етичкиот кодекс. Како оправдување за неетичкото однесување на членовите на Одборот за акредитација не може да се рифати недостатокот на познавање и свесност за Етичкиот кодекс или погрешното разбирање на Кодексот. Повредите на прописите што ги содржи овој Кодекс се разгледуваат од Комисија на честа, кој ја проценува тежината на повредата и ги одредува евентуалните санкции

## Преамбула

Етичкиот кодекс на Одборот за акредитација на високото образование има за цел на неговите членови да им ги приближи моралните начела, според кои ќе се водат во нивното професионално работење и кои ќе им помогнат во одлучувањето при акредитацијата на високообразовните и научните установи, на студиските програми и на други постапки и активности кои се во надлежност на Одборот за акредитација на високото образование во Република Северна Македонија.

Етичкиот кодекс се однесува на сите членови на Одборот за акредитација на високото образование, а со прифаќањето на овој Кодекс, тие се обврзуваат доследно да ги почитуваат пропишаните етички начела, кои секогаш обезбедуваат заштита на угледот на Одборот,



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

личниот углед и достоинство, угледот и достоинството на сите останати со кои соработуваат.

Бидејќи ниту еден кодекс на однесување не може да го предвиди и опфати секое деловно сценарио, или да ги одреди сите елементи на прифатливо однесување, доброто академско расудување и здравиот разум се најдобар водич во случаи кога овој Кодекс на однесување не опфаќа одредено прашање или околност.

Етичкото однесување треба да произлегува од личната посветеност на етичките принципи и од желбата секогаш да се настапува со морален интегритет. Ваквиот однос ќе придонесе за поголема правичност во работата и поставување на високо морална работна култура, како што се:

- должност за почитување и постапување на членовите на Одборот за акредитација на високото образование согласно со позитивните законски и други прописи,
- избегнување на конфликт на интереси и пријавување на евентуален конфликт,
- должност на членовите за чување на доверливи податоци,
- почитување на достоинството на високообразовните и научните институции и на колегите/колешките членови на академската заедница,
- отфрлање на било какви политички влијанија или притисоци од државни органи или други надворешни институции.

### Општествена мисија

Улогата и задачите на членовите на Одборот за акредитација на високото образование се создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на квалитет во процесот на акредитација на високообразовните и научните установи, на студиските програми и на други постапки и активности кои се во надлежност на Одборот, а во кои е потребна примена на научно-истражувачки, апликативни и стручни знаења. Поттикнувањето на квалитетот во високото образование поттикнува технолошки развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот, а со тоа и напредок на целокупното општеството.

## I. ОПШТИ ОДРЕБИ

### Предмет на Етичкиот кодекс

**Член 1**

Етичкиот кодекс (во понатамошниот текст Кодекс) ги утврдува етичките принципи и стандарди на однесување кон кои членовите на Одборот за акредитација на високото образование (во понатамошниот текст членови на Одборот) треба да се придржуваат во извршувањето на своите должности.



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

## Целта на Кодексот

**Член 2**

Целта на Кодексот е да се зачува, афирмира и да се подобри достоинството и угледот на членовите на Одборот за акредитација на високото образование (во понатамошниот текст Одбор за акредитација).

## II. ЕТИЧКИ ПРИНЦИПИ И ПРАВИЛА

### Општи етички принципи

**Член 3**

Во вршењето на својата функција, членот на Одборот е повикан да биде воден од општи етички принципи и правила на однесување, како што се: објективност, одговорност, меѓусебно почитување и ценење, како и почитување на угледот на Одборот.

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование во својата работа, делување и однесување се должни да ги почитуваат етичките начела, принципите на научната вистина и критичност и со својот авторитет да застапуваат позитивни академски вредности кои ќе ги пренесуваат на поширокота академска заедница.

**Член 4**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование треба да се однесуваат според начелата на академската етика и интелектуална одговорност, и да ги негуваат вредностите на различното мислење и личната иницијатива.

Членовите се свесни за нивната стручна, интелектуална и академаска одговорност кон општеството и се придржуваат кон етичките и професионалните стандарди на однесување.

**Член 5**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование не смеат да го злоупотребуваат својот авторитет заради остварување на лични интереси за која било цел.

Настојуваат да се справат со конфликтите на интереси кои би можеле некому да му наштетат.

**Член 6**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование не треба да го загрозуваат квалитетот на високообразовните институции и на студиските програми кои се акредитираат, ниту пак да прават отстапки од исполнетоста на законските услови за акредитација на истите.

Свесни се за границите на своите знаење и стручност и преземаат нужни мерки нивните ограничувања и пристрасности да не доведат до неправилни постапки во своето делување. Доколку е потребно заради добробитта на постапките, членовите на одборот се консултираат и соработуваат меѓу себе, со други стручни лица и институции.



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

### Член 7

Кога членот на Одборот за акредитација на високото образование ќе оцени дека од него се бара делување кое е во спротивност со неговите етички начела или лични интелектуални уверувања или совест, должен е да покрене расправа за таа тема.

### Член 8

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование не смеат да ги користат средствата за масовна комуникација за сопствено промовирање за сметка на Одборот. Кога настапуваат како приватни лица, се должни да спречат создавање на впечаток дека зборуваат од името на нивните колеги, односно во име на Одборот. Тие не смеат да го злоупотребуваат својот авторитет заради остварување на лични, семејни и политички интереси. Траба да имаат одговорност кон работата.

### Член 9

Најголема одговорност на членовите на Одборот за акредитација на високото образование е да придонесат за обезбедување на квалитет на високообразовните и истражувачките институции, на студиските програми, и други постапки за акредитација, а при тоа да водат сметка за нивната усогласеност со нормативите, стандардите и методологијата кои се прифатени на единствениот европски простор за високо образование.

### Член 10

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование се должни доследно да им се спротивставуваат на сите интервенции кои влијаат на објективноста во вреднувањето и акредитацијата на високообразовните и истражувачките институции, студиските програми, и другите постапки за акредитација кои се во надлежност на Одборот.

### Член 11

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование треба да негуваат колегијален однос, заснован на меѓусебно почитување и разбирање, водејќи сметка за заедничките академски вредности.

Членовите на одборот, прифаќаат обврски и одговорноста за сопственото однесување.

### Член 12

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование поддржуваат културна, општествена, политичка, филозофска, верска и економска разновидност, што е исклучително богатство кое треба во потполност да се почитува.

### Член 13

Членовите на одборот обрнуваат внимание дали професионалното однесување на другите членови на акредитација е во согласност со етичките принципи.

Морална обврска на членовите Одборот за акредитација на високото образование е



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

да укажуваат на неетичкото однесување на своите колеги, односно кршењето на одредбите од овој Кодекс.

### Член 14

Во својата работа, јавното дејствување и во меѓусебните односи, членовите на Одборот за акредитација на високото образование се должни да негуваат култура на аргументиран дијалог.

### Член 15

Воздржување од конструктивни критики поради лични интереси или игнорирање на туѓите трудови поради професионална и лична нетрпеливост е недозволиво. Членовите на Одборот за акредитација на високото образование се должни да го почитуваат личното и професионално достоинство на своите колеги.

## III. ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА

### Однесување на членовите на Одборот

### Член 16

Членот на Одборот се повикува да ги почитува правилата на однесување, а особено:

- да ги почитува правилата на однесување од Кодексот, кога учествува во други настани како претставник на Одборот;
- во сите ситуации за време на вршење на функцијата, со почит и еднаков третман кон сите;
- да се однесува на начин достоен за член на Одборот, да ги земе предвид принципите на професионална етика и општата култура, и на тој начин да даде позитивен пример за јавноста;
- да одржува добри и колегијални односи со вработените во Одборот, Агенција за квалитет во високото образоване, Одборот за евалуација како и со лицата ангажирани во другите институции кои се поврзани со работата на Одборот;
- да се почитуваат правилата за пристојно облекување.

### Правила на однесување за време на седница

### Член 17

Членот на Одборот е должен да ги почитува правилата на однесување кои обезбедуваат одржување на редот на седниците на Одборот, работното тело или комисијата, а особено:

- да ги почитува и заштити основните права утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, законот и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи;
- да се однесуваат со внимание и почитување на личноста и угледот на секој поединец и да водат сметка да не го повредат угледот на другите членови на Одборот,
- да не се користат зборови и изрази што може да навредат или омаловажат



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

друг, користи изрази или нивни синоними кои го навредуваат човековото достоинство и поттикнуваат омраза, нетолеранција и насилство и ги осудуваат сите форми на однесување што го поттикнува истото;

- да бидат фокусирани на темата што се разгледува за време на расправата;
- да не го прекинувате говорникот, или на кој било друг начин да го нарушите текот на седницата;
- да не зборува на седницата, освен ако е потребно, под услов да не го попречува текот на седницата;
- да не се користи компјутер, на начин што ќе го попречи текот на седницата;
- да не се користи мобилен телефон, на начин што ќе го попречи текот на седницата.

### Сукоб на интереси

**Член 18**

Член на Одборот е должен да ги почитува прописите што се однесуваат на спречување на судири од јавен и приватен интерес.

### Забрана на корупција

**Член 19**

При вршењето на своите должности, членот на Одборот е должен да ги почитува прописите поврзани со забраната за корупција и да избегнува какво било однесување кое според важечкото или според важечкото сегашно или меѓународно право што може да се окарактеризира како корумпирано дело или отстапување од правилата на Кодексот.

## IV. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДНОС И ОДГОВОРНОСТ

### Одговорност кон институцијата

**Член 20**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование се должни да ги чуваат интегритетот и достоинството на Одборот и своите работни задачи да ги извршуваат одговорно, совесно, чесно и посветено.

**Член 21**

Информациите што Членовите на Одборот за акредитација на високото образование ги добиваат во текот на акредитацијата, извршувајќи ги своите стручни експертизи за високообразовните институции  студиските програми, и други постапки за акредитација, не треба да ги пренесуваат и коментираат во јавноста, со цел да се спречи злоупотребата на информациите, ширење на шпекулации и нарушување на угледот на Одборот за акредитација на високото образование.



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

**Член 22**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование потпишуваат Изјава со што се обврзуваат за доверливост, заштита и неоткривање на доверливи информации, како и за гарантирање на непостоење на конфликт на интереси, во процесот на нивниот ангажман при акредитација на високообразовните и научните установи, на студиските програми и на други постапки и активности кои се во надлежност на Одборот за акредитација на високото образование.

## IV. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### Односи со академската заедница

**Член 23**

Членот на Одборот постапува одговорно со академската заедница за време на неговиот мандат.

### Односи со медиуми

**Член 24**

Кога настапуваат преку јавните гласила (печатени и електронски медиуми), членовите на одборот се лично одговорни за сопствените јавни изјави. Членовите на Одборот настојуваат да ги засноваат своите настапи во согласност со својата стручност и компетеност и со принципите на овој Етички кодекс.

## VI. НАДЗОР НА ПРИМЕНАТА И СЛЕДЕЊЕТО НА ПОЧИТУВАЊЕТО НА КОДЕКСОТ

**Член 25**

Надзорот за примена и следење на почитувањето на Кодексот е во надлежност на Комисијата на честа.

Комисијата на честа се состои од 3 (три) члена. Со Комисијата раководи Претседател.

Комисијата е должна да води евиденција за сите активности и да составува годишен извештај кој го поднесува до Одборот за акредитација.

**Член 26**

Лесно кршење на Кодексот претставува:

- неоправдано отсуство од седници на Одборот и работните тела;
- нарушување на текот на седницата;
- непочитување на правилата за пристојно облекување.

Потешки форми на повреда на Кодексот се:

- непочитување на Уставот и законите;



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

- постапување во личен интерес, интерес на поединец или група на поединци, за да се добие директна или индиректна корист;
- повреда на човековите права и слободи и принципот на еднаквост;
- употреба на зборови, изрази или нивни синоними, кои ги омаловажуваат другите лица и го ценат нивното достоинство;
- поттикнување на омраза, нетолеранција и насилство;
- однесување спротивно на принципите на професионална етика и општа култура.

### Решавање на етички прашања

**Член 27**

Членовите на Одборот за акредитација одбиваат секаква стручна дејност и постапување што е спротивно на принципите на овој Кодекс.

Членот на Одборот за акредитација кој ќе забележи кршење на етичките принципи во својата работа или во работата на друг член на Одборот за акредитација, презема чекори во согласност со Етичкиот кодекс. Доколку не е сигурен дали определена ситуација или постапка е во согласност со Етичкиот кодекс, се советува со друг член на Одборот за акредитација кој ги познава етичките принципи или со Комисијата на честа при Одборот за акредитација

Членот на Одборот за акредитација кој ќе забележи дека друг член на одборот ги прекршува етичките принципи должен е да го предупреди и да му обрне внимание на тоа, во обид неформално да се разреши етичкото прашање. Кога однесувањето кое е спротивно на етичките принципи повредува или може да повреди некоја личност или институција, а е нерешливо на неформален начин, членот на одборот е должен да ја извести Комисијата на честа при Одборот за акредитација на високото образование.

За прекршување на Етичкиот кодекс се смета и непријавувањето и несоработката со Комисијата на честа во процесот на разрешување на етички прашања. Во согласност со заштитата на јавноста и угледот на Одборот, членовите на Одборот за акредитација не пријавуваат и не поддржуваат пријави за прекршување на етичноста чија крајна цел не е да се заштити етичкиот принцип, туку да се повреди или понижи друг член на Одборот.

## VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Изјава за прифаќање на кодексот

**Член 28**

Поимите користени во Кодексот за физички лица од машки род, подразбираат исти термини во женскиот род.

**Член 29**

Членовите на Одборот за акредитација на високото образование потпишуваат Изјава со која изјавуваат дека ќе ги почитуваат одредбите од овој Кодекс.



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.

## Влегување во сила

**Член 30**

Овој Кодекс влегува во сила заклучно со денот на неговото донесување.

**Член 31**

Овој Кодекс се објавува на веб страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование на Република Северна Македонија.

Скопје, 05.08.2020

Предлагачи:

1. Проф. Д-р Владо Камбовски, претседател на ОА
2. Проф. Д-р Ќуфли Османи, потпрецедател на ОА
3. Проф. Д-р Лилјана Колева Гудева, член на ОА

Објава:
Интранет на Агенцијата за квалитет http://I
Карактер на документот: Јавен карактер
Целна група: членови на Одборот за акредитација



*Овој документ е интелектуална сопственост на Одборот за акредитација на високото образование. Секое неовластено користење, копирање и дистрибуирање на документот без одобрение на Комисијата за изготвување на Етичкиот кодекс се забранува.